За објаснување на македонска вера ќе се послужиме со анализа на христијанската многубожија религија, затоа што македонската вера е продолжение на христијанството.

Бидејќи во претходните делови објаснивме за поимот на Бог и Светиот дух во македонската вера, овој пат продолжуваме со принципот на света троица.

Од генот на оплодувачката моќ на Бог Сонце, во љубовен допир со невестата Земја Мајка Македониа, ќе се роди една нова ВИСТИНА, нов поглед. Новиот поглед е погледот на ИС (бебе- новороденче), а тоа е вкупната жива природа на земјата, во која се наоѓа и СИНОТ БОЖЈИ.

Сега Бог Сонце ќе биде татко ИЛИ-ИЛ, а Земјата Мајка ќе биде МАДОНА господарка, заштитничка на своето дете. Детето ИС родено од усните-УС од Мајката Земја Македониа (кањон Матка), ќе биде наречен по татко ИЛИОН по мајка МАКЕДОН. Новата вистина, новиот божји поглед, новородениот Илион-Македон сега ЗЕТ, со истиот ГЕН на оплодувачкиот поглед на вистината, ќе ја оплоди својата невеста Македонка. На тој начин ќе се рашири божјиот род, родот на ЛАВОТ МАКЕДОНСКИ.

Дилемата: „Кој го создал светот и зошто?“ Ова прашање често е присутно кај денешниот човек и денешната наука. Оваа дилема од секогаш за Македонците била позната, а тоа е генот на светлото и темното, тоа е машкото и женското, доброто и лошото, знаењето и незнаењето, реалното и нестварното и сето ова е генот на БОЖЈАТА ВИСТИНА. Бог оплодува, мајката ја раѓа ВИСТИНАТА. Вистината не е грев. Македонците не се грешни. Во македонската вера не постои грев и ѓавол. Во македонската вера постои само ЉУБОВ на Бог-пролет, ВИСТИНА-лето, ЉУБОВ на синот-есен и нова ВИСТИНА, НОВИОТ зет-зима.

Се наметнува прашањето: „Зошто постоиме?“

Македонците постојат само поради три причини кои се во хармонија една со друга.

Првата: поради генот и неговата оплодувачка моќ, содржан во божјиот поглед-светлината.

Второ, поради истиот тој ген, кој се содржи кај Македонците, ко јслужи за оплодување на родот на сонцето-Лавот македонски (Лаврод).

И третата причина е вкупната природа, жива и не жива, која е родена од мајката, за потребите на Македон да го слави својот Татко Сонце ИЛИ и тоа со работа, песна и добра мисла.

Во новиот завет Бог се доживува како еден единствен, но воедно и троичен. Едно е три или три во едно.

„Светото“ тројство, според христијанството е содржано од Бог, Бог Син и Бог Дух. Сите три личности се еден Бог или сите три се посебности. Според логичното сфаќање, не е сосема сфатливо сите три посебности да се едно, бидејќи во овој случај се јавуваат повеќе богови и автоматски христијанството се декларира за многубожја религија. Тоа би изгледало исто или слично како змеј со три глави.“ „Зета Македониа“ стр. 467.

Исто така оваа несфатливост на човечкиот ум, христијанството ја толкува како „ограничен ум“ на Македонците и од времето на појавата на христијанството служи за уништување на македонскиот дух, вера и верба за осамостојување, слобода и обединување.




*Безимени, обезличени свети тројца, кои се всушност македонски .*

Со христијанското толкување што е Бог, како Бог е едно и воедно три, нарачателот на

ова учење прави огромна неправда, геноцид на македонскиот Бог ИЛИ, синовите божји Македонците, и дух божји Македон, а со тоа сака да ја уништи македонската вера. Тоа се случува по падот на македонската држава и смртта на последната царица Клеопатра. Македонскиот Бог се прогласува за безимена „полнота на сила“, кој како женско има моќ да го раѓа - создава својот син, безимениот ИС-ИСУС (со значење ИС=ИЗ усни, од уста), наводно преку безимена земна мајка, а со помош на светиот дух кој е исто така безимен.

Во ова толкување, што е Бог, окупаторот на македонските територии, лансира теорија за САМОПРОГЛАСЕН Бог. Окупаторот е Бог, кој го праќа својот син „Исус“ да ги откупи гревовите на луѓето - Македонците. Исус сега е поробениот Македонец, кој мора да страда, и со неговата смрт да ги откупи гревовите на Македонците, кои си имале со илјадници години своја монотеистичка вера. Сега нивната вера е прогласена за „паганска“ („Едно поинакво видување на поимот паганство“ http://www.mn.mk/feljton/9650-Edno-poinakvo-viduvanje-na-poimot-paganstvo ), политеистичка, грешна. Исус по смртта ќе воскресне како нова католичка религија за „спас“ на народот (Македонскиот народ треба да биде предаден на љубовта божја. Тоа предавање е она кога Македонскиот народ не треба да даде отпор на поробувачот, туку треба слепо да се предаде на религија која не е негова. Тоа значи царство божјо, царство на поробувачот.)

Македонската вера православна пред појавата на христијанството е логична, лесно сфатлива за здравиот разум, блиска до Македонците кои ја сметаат како нешто свое. Христијанството може да ја прогласи за погрешна, но таа констатација важи и за самото христијанството. Зошто? Затоа што македонската вера е постара од христијанската религија, која всушност произлегува од неа.

Наводно единствен творец на сè е „полнотата на сила“ на самиот Бог. Како што рековме погоре, Бог не може да создаде, затоа што не може да роди и затоа што го нема духот божји, кој се наоѓа кај неговиот син Македон. Бог е „полнота“ само на оплодувачката моќ. Бог е оплодувач на Мајката Земја Македонка, која покрај другото го раѓа РАЈОТ МАКЕДОНИЈА на Земјата. За раѓање на рајот на Земјата, рамноправен на Бог во оплодување е и синот божји, и тоа со неговиот ум, работа песна и добра мисла, а сето тоа е љубов кон мајката Македонка.












Автор: Бранко Сотировски